OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 09 февруари 2016

## ОХРИДСКА БАНКА, СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ СО МОДЕРНА И ИНТУИТИВНА ПЛАТФОРМА ЗА ЕЛЕКТРОНСКО БАНКАРСТВО

**Охридска банка, Сосиете Женерал воведе нова платформа за електронско банкарство со модерен и интуитивен интерфејс, кој овозможува едноставни и збогатени функционалности во зајакната безбедносна околина.**

Новата платформа на клиентите ќе им овозможи поедноставен и понапреден начин за управување со нивните банкарски сметки, како и уникатни карактеристики што ќе им помогнат во планирање и организирање на нивните финансии. Новиот модул „Виртуелен финансиски советник“ ќе им овозможи на клиентите детална евиденција во водењето на нивните финансии, мониторирање на трошоците и планирање на финансиите преку поставување цели за трошење и штедење. На овој начин, клиентите ќе можат да прават анализа на потрошувачката и да го планираат својот буџет.

Земајќи го предвид фактот дека очекувањата на клиентите постојано еволуираат, Охридска банка Сосиете Женерал лансираше нова платформа со иновативно корисничко искуство и збогатени функционалности коишто вклучуваат:

- флексибилен распоред на податоците, што може да се персонализира,
- едноставност,
- брзо вчитување на потребните информации,
- интуитивно преминување од една на друга функционалност,
- графички приказ на состојбата и на направените трансакции.

Новата платформа за електронско банкарство е достапна на истата интернет-адреса како и претходната. На страницата за најавување на електронско банкарство, клиентите може да го видат и корисничкото упатство коешто ги потенцира клучните карактеристики и навигациски елементи за брзо ориентирање на новите корисници и обезбедува непречена транзиција за постоечките корисници на електронско банкарство.

Следејќи ја дигиталната трансформација на групацијата Сосиете Женерал, Охридска банка лансира серија на клиентски ориентирани иницијативи за поефективно да ги задоволи потребите на клиентите. Крајната цел е креирање безбедно и едноставно клиентско искуство.

За подетални информации во врска со новата платформа за електронско банкарство, клиентите можат да ги посетат експозитурите на Банката и веб-страницата www.ohridskabanka.mk.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013